

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

ТЕЛМА

# ПРЕДИЗБОРНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕМИ

ноември 2016, Скопје

**Наслов:**
Предизборни политички теми

**Издавачи:**
Институт за демократија „Социетас цивилис" Скопје (ИДСЦС)
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Телма телевизија

**За издавачот:**
Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС
Атанас Кировски, главен и одговорен уредник на Телма телевизија

**Автори:**
Гонце Јаковлеска, МЦМС

Скопје, ноември 2016 година

Овој текст е достапен за користење под лиценца:
НаведиИзвор-СподелиПодИстиУслови 2.5 Македонија (CC BY-SA 2.5 MK)

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите на овој извештај.

**Контакт:**
contact@idscs.org.mk
mcms@mcms.mk

# Содржина

1. Вовед ... 3
2. Методологија ... 3
3. Наоди ... 4
4. За издавачите ... 9
5. Контакти ... 10

# 1. Вовед

Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со телевизија Телма спроведоа истражувања на јавното мислење за актуелни политички теми. Темата на ова теренско истражување беше јавното мислење за рејтинзите на политичките партии во Р. Македонија во пресрет на 11 декемвриските предвремени парламентарни избори. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект.

# 2. Методологија

Податоците беа теренски прибирани помеѓу 6 и 20 ноември 2016 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници со методот „лице в лице“.

Примерокот е повеќестепен стратификуван примерок, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Истиот е дизајниран според периодичните процени на Државниот Завод за Статистика (2015 година) врз основа на пописот од 2002 година.

Анкетата се спроведуваше на македонски и албански јазик. Набљудуваната популација се полнолетни (18+) лица граѓани на Р. Македонија.

За да се исполни критериумот за случаен избор – следен е чекорот од десна страна со обид за анкета во секое трето домаќинство. Во избраното домаќинство селекција на испитаник се прави со методот – “Следен роденден“.

Сите резултати се урамнотежени (пондерирани) според мината историја на гласање на испитаниците за да се обезбеди политички репрезентативен примерок како стандардна пракса во светот за справување со пониският одѕив на одредени гласачи на анкетни истражувања.

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1% со прифатливо ниво доверба: 95%.

Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

## 3. Наоди




*Графикон 1 - Колку изборите на 11 декември ќе бидат фер и демократски?*

Мнозинството испитаници (30,2%) не се сигурни што да очекуваат од изборите, додека од оние кои имаат изградено став, испитаниците што сметаат дека изборите ќе бидат фер и демократски се во поголем број (20,9%).

Жителите на Источниот регион во најголем процент не веруваат дека изборите ќе бидат фер и демократски (20,1%), а оние од Југоисточниот регион најмногу веруваат дека изборите ќе бидат целосно фер и демократски (51,2%). Вкупно 14,9 процентни поени е разликата меѓу етничките Македонци (24,9%) и Албанци (10%) кај ставот „целосно ќе бидат фер и демократски". Според работниот статус, вработените во јавниот сектор предничат во ставот за целосно фер и демократски избори (32,7%), а студентите (17,5%) и земјоделците (18,4%) во ставот дека воопшто нема да бидат фер и демократски.

| **За која партија ќе гласате? / Колку изборите на 11 декември ќе бидат фер и демократски?** | | |
|---|---|---|
| | **% Колку изборите на 11 декември ќе бидат фер и демократски?** | |
| **За која партија ќе гласате?** | **Воопшто нема да бидат фер и демократски** | **Целосно ќе бидат фер и демократски** |
| **ВМРО ДПМНЕ** | 1 | 50,8 |
| **СДСМ** | 18,1 | 11,7 |
| **ДУИ** | 9,2 | 6,2 |
| **ДПА** | 22,2 | 3,3 |

*Табела 1 - Ставовите на симпатизерите на политичките партии за изборите*

Во табелата погоре, можат да се забележат разликите на крајните ставови од скалата, кај симпатизерите на четирите политички партии кои беа дел од преговорите за надминување на политичката криза во Македонија. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во најголем број веруваат дека изборите ќе бидат целосно фер и демократски (50,8%). Овој став се потврдува и со само 1% одговори дека изборите воопшто нема да бидат фер и демократски. Испитаниците кои ќе гласаат за ДПА се најбројни на другиот крај на скалата

– воопшто нема да бидат фер и демократски (22,2%), а најмалобројни кај позитивниот став, само 3,3%. Поддржувачите на СДСМ се поделени во очекувањата.




*Графикон 2 - Дали очекувате решавање на политичката криза по изборите?*

Иако со мала разлика од 6,7 процентни поени, сепак водат песимистичните граѓани, оние кои не очекуваат дека изборите ќе донесат разрешница на политичката криза во Македонија. Најголеми оптимисти се граѓаните од Југоисточниот регион (57,2%) и оние над 65 годишна возраст (56,8%), а најголеми песимист, студентите (57,8%). Гледано од етничка перспектива, етничките Албанци почесто одговарале со не (59,5%) од Македонците (44,2%) на прашањето дали очекувате решавање на политичката криза со изборите.

| За која партија ќе гласате? / Дали очекувате решавање на политичката криза со изборите? | | | |
|---|---|---|---|
| | % Дали очекувате решавање на политичката криза со изборите? | | |
| **За која партија ќе гласате?** | **Да** | **Не** | **Не знам/одбива да одговори** |
| **ВМРО ДПМНЕ** | 71,7 | 22,5 | 5,8 |
| **СДСМ** | 39,8 | 48,5 | 11,7 |
| **ДУИ** | 32,0 | 63,7 | 4,3 |
| **ДПА** | 30,3 | 61,1 | 8,6 |

*Табела 2 - Симпатизерите на политичките партии за решавањето на политичката криза*

Најголема верба во решавањето на политичката криза по изборите имаат симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (71,7%), а за десет пати помала е вербата на оние што нема да гласаат (7,1%). Сите, освен симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ повеќе не веруваат одошто веруваат во надминување на политичката криза со изборите.




*Графикон 3 - Дали политичарите за кои што има сомнеж дека учествувале во корупција или злоупотреба на службена должност треба да бидат на пратеничките листи?*

Големо мнозинство од испитаниците (79,7%) сметаат дека политичарите за кои има сомнеж дека биле дел од корупција или ја злоупотребиле службената должност не треба да бидат на пратеничките листи. Најкатегорични во овој став се жителите на Источниот регион (93,7%), а најмалку, иако се уште со мнозинство одговори се оние од Полог (66,1%) каде пак, најбројни се и оние што не знаат или одбиле да одговорат (21,3%).

| Дали политичарите за кои има сомнеж...треба да бидат на пратеничките листи? / За која партија ќе гласате? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | % За која партија ќе гласате? | | | |
| **Дали политичарите за кои има сомнеж ... треба да бидат на пратеничките листи?** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **СДСМ** | **ДУИ** | **ДПА** |
| **Да** | 18,1 | 3,5 | 7,4 | 23,3 |
| **Не** | 64,3 | 90,2 | 86,0 | 68,1 |
| **Не знам/одбива да одговори** | 17,7 | 6,3 | 6,5 | 8,6 |

*Табела 3 - Симпатизерите на политичките партии за кредибилитетот на кандидатите за пратеници*

Во табелата може да се види каков е ставот на симпатизерите на четирите политички партии учеснички во преговорите за надминување на политичката криза. Симпатизерите на СДСМ, со 90,2%, се најбројни меѓу оние што сметаа дека на политичарите кои се под сомнеж не им е местото на пратеничките листи. Вкупно 23,3% од симпатизерите на ДПА немаат проблем со оваа појава.




*Графикон 4 - Дали политичарите за кои што е поднесено обвинение треба да бидат на пратеничките листи?*

Слични се резултатите и кај следното прашање, односно, речиси 83% од испитаниците сметаат дека политичарите за кои е поднесено обвинение не треба да бидат на пратеничките листи. И овде, најкатегорични се жителите на Источниот регион (95%). И кај симпатизерите на партиите ситуацијата е слична како кај претходното прашање: најкатегорични во ставот дека политичарите против кои е поднесено обвинение не треба да се на пратеничките листи се оние што се изјасниле дека ќе гласаат за СДСМ (90%), потоа следуваат симпатизерите на ДУИ (85%), на ДПА (76,6%) и на ВМРО-ДПМНЕ (67,8%).




*Графикон 5 - Колку се согласувате дека ќе има правна разрешница за предметите произлезени од прислушуваните материјали?*

Прашани за тоа дали се согласуваат дека предметите произлезени од прислушуваните материјали ќе добијат правна разрешница, испитаниците речиси рамномерно се распределиле на скалата со пет нивоа. Од графиконот се гледа дека е најмал процентот на оние кои целосно се согласуваат дека таква разрешница ќе има (11,4%). За позитивниот став, „донекаде се согласувам“ се изјасниле 22,9% од

испитаниците, а неутрални се 22,3%. На страната на негативните ставови состојбата е изедначена, односно, 15,9% донекаде не се согласуваат, а 15,8% воопшто не се согласуваат со изнесениот став. Вкупно 11,6 рекле дека не знаат или одбиле да одговорат.

Само 2,7 процентни поени е разликата меѓу позитивните (34,4%) и негативните (31,7%) ставови, ако се гледаат заедно „целосно и донекаде се согласувам" и донекаде и воопшто не се согласувам.

| Ќе има ли правна разрешница на прислушуваните разговори? / Региони | | |
|---|---|---|
| | Ќе има ли правна разрешница на прислушуваните разговори? | |
| **% во рамките на региони** | **Целосно + донекаде се согласувам** | **Донекаде + воопшто не се согласувам** |
| **Источен** | 48,7 | 26,8 |
| **Југозападен** | 43,6 | 24,0 |
| **Полошки** | 36,6 | 33,2 |
| **Скопски** | 33,9 | 30,2 |
| **Југоисточен** | 32,0 | 28,9 |
| **Вардарски** | 29,3 | 30,6 |
| **Пелагониски** | 27,3 | 42,9 |
| **Североисточен** | 22,7 | 37,1 |

*Табела 4 - Ставови за правната разрешница на прислушуваните разговори по региони*

Вака анализирани, гледано по региони, може да се забележи дека во правна разрешница најмногу веруваат жителите на Источниот регион (48,7%), а најскептични се они од Југозападниот регион (24%). Незначителна е разликата гледано низ етничка призма. Според работниот статус, најголеми очекувања за правна разрешница имаат невработените (42,1%), а најмала студентите (26,2%).

| Ќе има ли правна разрешница на прислушуваните разговори? / За која партија ќе гласате? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | % За која партија ќе гласате? | | | |
| **Ќе има ли правна разрешница на прислушуваните разговори?** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **СДСМ** | **ДУИ** | **ДПА** |
| **Целосно се согласувам** | 7,8 | 23,2 | 23,9 | 16,5 |
| **Донекаде се согласувам** | 17,7 | 29,7 | 31,9 | 14,8 |
| **Ниту се согласувам ниту не се согласувам** | 21,9 | 19,8 | 21,2 | 19,9 |
| **Донекаде не се согласувам** | 19,8 | 14,6 | 14,4 | 6,1 |
| **Воопшто не се согласувам** | 20,0 | 5,5 | 5,4 | 39,7 |
| **Не знам/одбива да одговори** | 12,8 | 7,2 | 3,2 | 2,9 |

*Табела 5 - Симпатизерите на политичките партии за правната разрешница на прислушуваните разговори*

Во табелата погоре можат да се видат ставовите на четирите политички партии во поглед на ова прашање. Оние што „целосно или донекаде се согласуваат" се најбројни меѓу симпатизерите на ДУИ (55,9%) и на СДСМ (52,9%), а најмалобројни кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (25,4%). Оние пак, што „донекаде или воопшто не се согласуваат" се најбројни меѓу симпатизерите на ДПА (45,8%), а најмалобројни кај симпатизерите на ДУИ (19,8%).

# 4. За издавачите

**ИДСЦС** е граѓанска организација основана во 1999 година од група на интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. На својот пат, ИДСЦС има визија за Македонија како високо развиена демократија на слободни и активни граѓани. Мисијата на ИДСЦС е поддршка на развојот на демократските процеси преку промоција на креирање на политики базирани на истражување, анализи и консултација со засегнатите страни. ИДСЦС го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Македонија.

**МЦМС** веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови. МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 50 милиони евра.

**Телма телевизија** е значаен фактор за информирање на јавноста во Македонија и двигател на процесите во општеството во интерес на демократијата. Таа е основана во 1996 година, а од 1998 година зрачи програма на национално ниво. Најмногу ресурси во телевизијата се насочени во продуцирање на информативната програма, која и обезбеди на телевизијата углед на влијателен медиум. Во извештаите на меѓународните монитори, пред се ОБСЕ и ОДИХР, ТВ Телма секогаш е оценета како објективна и професионална. Во последните две години од уште поголема важност е нејзината улога во општеството со проширување на информативна програма која донесе значително поголем рејтинг на телевизијата и интеракција со граѓаните.

**М-ПРОСПЕКТ** ДОО Скопје е друштво за истражување на пазар и испитување на јавно мислење, основано во 2012 година. Главната дејност на агенцијата се квантитативни и квалитативни истражувања во областа на економијата, пазарот, општествените феномени и процеси, политиката и медиумите. Во досегашната работа М-Проспект има спроведено повеќе од 60 истражувања во земјата и има учествувано во регионални и глобални истражувања. Преку високо иновативен, прилагодлив и ефикасен пристап воден од потребите на општеството и на клиентите, М-Проспект се залага за добивање високо квалитетни информации. Како член на ICC/ESOMAR, најголемата светска асоцијацијата за општествени и истражувања на пазар М-Проспект се обврзува да се придржува на највисоките професионални и методолошки стандарди во ICC/ESOMAR.

## 5. Контакти

**ИДСЦС**: ул. Крагуевачка 2, 1000 Скопје
http://idscs.org.mk
http://facebook.com/IDSCS
http://twitter.com/IDSCS_Skopje

**МЦМС**: ул. Никола Парапунов 41а пошт.фах 55, 1000 Скопје
http://mcms.mk
http://facebook.mk/mcms.mk
http://twitter.com/mcms_mk

**Телма**: ул. Никола Парапунов 51, 1000 Скопје
http://telma.com.mk

**М-проспект**: Никола Парапунов 41, 1000 Скопје
http://m-prospect.com